# Рамка за способност на работната сила на NDIS: Надзор за способност

## NDIS Workforce Capability Framework: Supervising for Capability Macedonian | Македонски

Рамката за способност на работната сила на NDIS (NDIS Workforce Capability Framework) (Рамката) ги опишува однесувањето, вештините и знаењата што се очекуваат од сите работници финансирани во рамките на NDIS. Обезбедува јасни, практични примери и воспоставува заеднички јазик за „како треба да изгледа доброто“ за учесниците кои добиваат услуги и поддршка од NDIS. Овие материјали ја поддржуваат Рамката.

Материјалите за надзор се збир на насоки и практични предлози за да им помогнат на учесниците во NDIS, давателите на услуги и работниците за поддршка да работат заедно, така што секој ќе разбере како треба да се даваат поддршката и услугите. Тие, исто така, помагаат во дискусиите за тоа како им оди на работниците обезбедувањето поддршка за да ги исполнат стандардите и однесувањето што го очекуваат учесниците.

*Поддржлив надзор е еден од најдобрите начини работниците да чувствуваат задоволство, посветеност, да се задржат на работа и да се даде квалитетна поддршка на учесниците. Заедничката работа ја поддржува можноста учесниците да имаат избор и контрола врз нивната поддршка и е клучна за поддршка на давателите на услуги и надзорниците да ги исполнуваат очекувањата и да обезбедат испорака на очекуваните стандарди.*

## Што да се очекува

Материјалите за надзор се наменети да им помогнат на организациите и работниците да ги развијат и користат способностите опишани во Рамката. Материјалите:

- Обезбедуваат практични упатства и алатки за подигање на квалитетот и доследноста на надзорот.
- Обезбедуваат совети, листи за проверка и шаблони за поддршка на повисоките раководители, надзорниците, работниците и на учесниците да се вклучат во надзор.
- Овозможуваат преземање и менување на шаблони и документи за да одговараат на индивидуалните потреби.
- **Корисно за**: даватели на услуги на NDIS, надзорници, работници и учесници за давање на мислење и при процесите на надзор.

Материјалите за надзор се поддржани од други материјали во Рамката, алатки и упатства.

Материјалите се корисни за учесниците, надзорниците, давателите на услуги и работниците во NDIS и може да помогнат за давање на мислење и при процесите на надзор.

Материјалите може да ги најдете и преземете во секое време од **веб-страницата.**

## Надзор за способност во пракса:

Raham води агенција за даватели на услуги, која треба да обезбеди дека работниците и надзорниците ги исполнуваат очекуваните стандарди кога им даваат поддршка на NDIS на учесниците. Таа бара материјали кои ќе ѝ помогнат да вгради позитивна и поддржувачка организациска култура која е искрено прифатена и промовирана од нејзините водачи и раководители, особено со надзор и поддршка за нејзините работници.

Raham ги користи материјалите **Упатство за заедничко работење (Working Together Guide)**, за да ги поддржи нејзините водачи и раководители во агенцијата да разберат како да разговараат со учесниците, работниците и претпоставените за тоа како да ги исполнат очекувањата на учесниците.

Таа е способна да им помогне на нејзините водачи и раководители да ги поддржат дискусиите за планирање со нејзиниот персонал и како точно да ги постават очекувањата и да ги одмерат.

Raham го промовира **Листот со совети за рефлективни практики за надзорници и работници (Reflective Practice Tip Sheet for Supervisors and Worker)** и **Шаблонот за евиденција за проценка за надзорници (Assessment Record Template for Supervisors)** за да воспостави некои клучни процеси за преглед на вработените.

### Пристап до материјали и нивно користење

Материјалите за надзор најдобро се преземаат на вашиот компјутер за да имате пристап до нив во секое време.

**Пристап до материјалите:** Надзор за способност | Способност за работна сила на NDIS (ndiscommission.gov.au)

За повеќе информации за Рамката или нејзината примена, посетете ја веб-страната: https://workforcecapability.ndiscommission.gov.au/

**Контакт:** workforcecapability@ndiscommission.gov.au или 1800 035 554.